# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

**08 февруари 2022 | Излегува по потреба | Година XVII | број 2**



Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, КОИ СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 08.02.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-653/1**
**од 08.02.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11 и 55/16), член 22-а од Законот за спортот (''Службен весник на РМ'' бр.29/02, 66/04, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 98/19 и 244/19), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на 08.02.2022 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, КОИ СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/18, 11/20 и 1/22), во член 4 став (1) зборовите ''за наредната буџетска'' се бришат.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-610/2**
**од 08.02.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 08.02.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-653/2**
**од 08.02.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11 и 55/16), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Осмата седница одржана на 08.02.2022 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

**Член 1**

Во Правилникот за финансирање на проекти за здруженија на граѓани и фондации од локален интерес (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/11, 13/20 и 1/22), во член 3 став (1) зборовите "за наредната буџетска" се бришат.

**Член 2**

Член 5 се менува и гласи:

''На конкурсот може да учествуваат здруженија на граѓани и фондации кои вршат дејност од областите во членот 4 на овој правилник, чие регистрирано седиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба и на подрачјето на Град Скопје.''

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-610/3**
**од 08.02.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 2/22**
**8 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци